ЗАПИСНИК

Од одржаната 27-та седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 27.03.2023 година со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата од вкупно 9 советници, присуствуваа 8 членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска-Стојковска, Николче Димовски, Пецо Дојчиновски, Сузана Јовановска, Горан Велјановски, Александар Канзуровски, Иванчо Котевски и Наумче Смилевски.

Отутен е советникот Љупчо Петровски.

На седницата беа присутни вработени во Општина Новаци: Градоначалник Стевче Стевановски, Анета Киселоска – раководител, Летка Јовановска – раководител, Николина Лозановска – советник и Катерина Чукалевска - советник.

Д Н Е В Е Н Р Е Д

1.Разгледување и усвојување на Записникот од 26-та седница на Совет на Општина Новаци;

2.Разгледување и усвојување на Завршна сметка на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ Битола;

3.Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност за реализација на проектот - Реконструкција на улица од пошта до Златен клас во с.Новаци до крај на каналот, општина Новаци;

4.Разгледување и усвојување на Правилник за финансиска поддршка за надомест на дел од трошоците за набавка на материјали за подигање на пластеници за сопствени потреби;

5.Разгледување и донесување на Одлука за формирање на Одбор за подигање на спомен одбележје-плоча во с.Брод;

6.Разгледување на Барање за повишување на плата од Благој Бежановски вработен во Општина Новаци.

7.Советнички прашања.

Дополнување: Барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош.

Пред гласање на Дневниот ред на 27-та седница на Советот на Општина Новаци, Градоначалникот Стевче Стевановски им предложи на советниците дополнување на Дневниот ред со 2 точки кои поради својата хитност, неодложно треба да се разгледуваат на оваа седница:

1. Разгледување и донесување на План за изменување и дополнување на Планот за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2023 година;

2. Разгледување и донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2023 година;

Дневниот ред се дополнува со шест барања за финансиска помош од физички лица по предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош

3. Александра Јолевска од с. Добромири (бр. 03-13/47 од 23.03.2023г.), за нејзината ќерка Теодора Јолевска, лице со посебни потреби;

4. Радмила Лозановска од с. Далбеговци(бр. 03-13/48 од 23.03.2023г.), лице со здравствени проблеми;

5. Звонко Богојевски од с. Новаци(бр. 03-13/46 од 21.03.2023г.),лице со здравствени проблеми;

6. Оливер Марковски од с. Новаци(бр. 03-13/39 од 17.03.2023г.), за неговата ќерка Анета Марковска, за посебни достигнувања во женскиот фудбал;

7. Александар Петковски од с. Горно Агларци (бр. 03-13/40 од 17.03.2023г.), за неговата ќерка Емилија Петковска, за посебни достигнувања од областа на женскиот фудбал;

8. Филип Талевски од с. Новаци (бр. 03-13/45 од 21.03.2023г.), за посебни достигнувања во кик бокс.

Претседателката на Советот Славица Најдовска-Стојковска им предложи на советниците да го прифатат изменувањето и дополнувањето на Дневниот ред така што првичниот Дневниот ред кој е составен од 7 точки се дополнува со нови 8 точки. На тој начин Дневниот ред на 27-та седница на Советот на Општина Новаци по претрпените измени и дополнувања е составен од 15 точки, со што точката Советнички прашања со бр. 7 преминува во точка број 15.

Предлогот за изменетиот и дополнетиот Дневен ред на 27-та Седница на Советот на Општина Новаци беше ставен на гласање и истиот беше усвоен со **8 гласа за.**

1. точка: Разгледување и усвојување на Записникот од 26-та седница на Совет на Општина Новаци**;**

По разгледувањето, Записникот од 26-та Седници беше ставен на гласање и усвоен со **8 гласа за.**

2. точка: Разгледување и усвојување на Завршна сметка на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ за 2022 г.;

По однос на втората точка, Советот ја разгледа завршната сметка на МЈП „ПЕЛАЛИНК“ за 2022г. По кратката дискусија Советот гласаше и со **6 гласа за и 2 гласа воздржани** донесе Одлука за усвојување на Завршна сметка МЈП „ПЕЛАЛИНК“- Битола за 2022 година.

3. точка: Разгледување и донесување на Одлука за давање на согласност за реализација на проектот - Реконструкција на улица од пошта до Златен клас во с.Новаци до крај на каналот, општина Новаци;

Пред Советот на Општина Новаци, Летка Јовановска - раководител ја објасни Одлуката наменета за реализација на наведениот проект за кој финансиските средства ќе бидат обезбедени од ,,Проект за поврзување на локални патишта во РСМ, кој се реализира преку Министерство за транспорт и врски, со финансиска поддршка од Светска банка.

Советот со **8 гласа за** донесе Одлука за давање на согласност за реализација на проектот - Реконструкција на улица од пошта до Златен клас во с.Новаци до крај на каналот, општина Новаци.

4. точка: Разгледување и усвојување на Правилник за финансиска поддршка за надомест на дел од трошоците за набавка на материјали за подигање на пластеници за сопствени потреби;

По однос на четвртата точка, Катерина Чукалевска-советник, пред Советот детално го презентираше Правилникот со кој се утврдуваат корисниците, начинот, постапката, вкупениот износ, максималениот износ, критериумот за избор, прифатливите трошоци и документите за докажување на трошоците и сл. Воедно додаде дека вкупниот буџет наменет за оваа активност изнесува 1.000.000,00 ден, средства кои Општина Новаци ги издвојува од сопствениот буџет. Советникот Николче Димовски постави прашање: Дали овие субвенции се наменети и за реконструкција или поправка на стари пластеници т.е пластеници кои жителите на општина Новаци ги направиле во минатото. На ова Градоначалникот Стевановски одговори дека овие субвенции се наменети само за нови пластеници т.е пластеници кои жителите ќе ги направат од денот на објавување на јавниот оглас.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Правилник за финансиска поддршка за надомест на дел од трошоците за набавка на материјали за подигање на пластеници за сопствени потреби.

5. точка: Разгледување и донесување на Одлука за формирање на Одбор за подигање на спомен одбележје-плоча во с. Брод;

По однос на оваа точка, пред советниците збор зеде Катерина Чукалевска, која даде појаснување во врска со барањето на Проф. Фабио Котифава, претседател на Италијанска фондација која го истражува и промовира Македонскиот фронт од Првата светска војна 1914 - 1918г. Имено неговото барање се состои во поставување на спомен одбележје - спомен плоча со димензии 20х30 см посветена на 30-те Мантовански војници починати на кота 1050. Истата ќе биде поставена во с. Брод. Токму затоа е потребно да се формира Одбор составен од 9 членови кој ќе ја реализира постапката за поставување на спомен одбележје.

Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе Одлука за формирање на Одбор за подигање на спомен одбележје-плоча во с. Брод.

6. точка: Разгледување на Барање за повишување на плата од Благој Бежановски вработен во Општина Новаци.

Претседателката на Комисијата за финасии, буџет и ЛЕР, Славица Најдовска-Стојковска ги информира советниците за ставот на Комисијата, по однос на оваа точка. Имено Комисијата за финасии, буџет и ЛЕР го разгледа барањето од Благој Бежановски и констатира дека Советот на Општина Новаци, а со тоа и Комисијата за финансии, буџет и ЛЕР, не се надлежни за промена на плата и надоместоци на административните службеници бидејќи тоа се уредува со Законот за административни службеници. Имајќи го ова во предвид, Комисијата го одби Барањето за повишување на плата од Благој Бежановски вработен во Општина Новаци.

7. точка: Разгледување и донесување на План за изменување и дополнување на Планот за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2023 година;

По однос на седмата точка, Советот доби информација дека Агенцијата за храна и ветеринарство побара од Општина Новаци да направи минимални корекции во Планот и Програмата со кои се третира проблемот поврзан со зголемено присуство на бездомните кучиња и нивниот третман во Општина Новаци.

По кратката компарација за тоа во кои членови на Планот се направени корекции, Советот на Општина Новаци со **8 гласа за** донесе План за изменување и дополнување на Планот за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2023 година.

8. точка Разгледување и донесување на Програма за изменување и дополнување на Програмата за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2023 година;

Како и за претходната точка така и за осмата точка советниците добија увид во кои деловите оодносно членови во Програмата е направена измена и дополнување.

По разгледувањето, Советот на Општина Новаци гласаше и со **8 гласа за** и донесе Програма за изменување и дополнување на Програмата за заштита и благосостојба на животните – третман на бездомни кучиња, односно нерегистрирани и регистрирани кучиња, затекнати на јавни површини без присуство на сопственикот за 2023 година.

9. точка: Разгледување на Барање од Александра Јолевска од с. Добромири (бр. 03-13/47 од 23.03.2023г.), за нејзината ќерка Теодора Јолевска, лице со посебни потреби;

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Александра Јолевска од с. Добромири во висина од 20.000,00 ден.

10. точка: Разгледување на Барање од Радмила Лозановска од с. Далбеговци (бр. 03-13/48 од 23.03.2023г.), лице со здравствени проблеми.;

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Радмила Лозановска од с. Далбеговци во висина од 10.000,00 ден.

11. точка: Разгледување на Барање од Звонко Богојевски од с. Новаци (бр. 03-13/46 од 21.03.2023г.), лице со здравствени проблеми;

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Звонко Богојевски од с. Новаци во висина од 10.000,00 ден.

12. точка: Разгледување на Барање од Оливер Марковски од с. Новаци (бр. 03-13/39 од 17.03.2023г.), за неговата ќерка Анета Марковска, за посебни достигнувања во женскиот фудбал;

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Оливер Марковски од с. Новаци во висина од 10.000,00 ден.

13. точка: Разгледување на Барање од Александар Петковски од с. Горно Агларци (бр. 03-13/40 од 17.03.2023г.), за неговата ќерка Емилија Петковска, за посебни достигнувања од областа на женскиот фудбал.

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **едногласно** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Александар Петковски од с. Горно Агларци во висина од 10.000,00 ден.

14. точка: Разгледување на Барање од Филип Талевски од с. Новаци (бр. 03-13/45 од 21.03.2023г.), за посебни достигнувања во кик бокс;

На предлог на Комисијата за доделување на еднократна парична помош, Советот на Општина Новаци, **7 гласа за и 1 глас воздржан** донесе Одлука за доделување на еднократна парична помош на Филип Талевски од с. Новаци во висина од 10.000,00 ден.

15. точка: Советнички прашања

Советникот Иванчо Котевски постави прашање до Градоначалникот Стевановски, за тоа во каква состојба е противпожарното возило со кое располага Општина Новаци и кој е задолжен за неговото одржување.

На ова Градоначалникот одговори дека за одржување на противпожарното возилото е задолжено Доброволното противпожарно друштво на Општина Новаци кое се грижи возилото постојано да е во исправна состојба за да може да се вклучи во гаснење на пожар кога за тоа ќе има потреба. Но Друштвото нема овластување да делува самостојно. Тоа можи да се вклучи во ситуација на гаснење на пожар само во случаеви кога тоа од нив, ќе го подара Противпожарната служба од Битола, како нивна помош.

Бидејќи немаше дополнителни советнички прашања 27–та седница на Советот на Општина Новаци заврши со работа.

Записничар: Н. Лозановска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска-Стојковска

_____